| 1) Вардарски | Вардарскиот регион го соочинуваат следните 9 (девет) Општини:<br><br>Општина Свети Николе, Општина Велес, Општина Лозово, Општина Чашка, Општина Градско, Општина Росоман, Општина Неготино, Општина Демир Капија и Општина Кавадарци. |
| 2) Источен | Источниот регион го соочинуваат следните 11 (единаесет) Општини:<br><br>Општина Штип, Општина Карбинци, Општина Зрновци, Општина Чешиново-Облешево, Општина Пробиштип, Општина Кочани, Општина Македонска Каменица, Општина Делчево, Општина Пехчево, Општина Виница и Општина Берово. |
| 3) Југоисточен | Југоисточниот регион го сочинуваат следните 10 (десет) Општини:<br><br>Општина Гевгелија, Општина Богданци, Општина Валандово, Општина Дојран, Општина Ново Село, Општина Босилово, Општина Василево, Општина Конче, Општина Радовиш и Општина Струмица. |
| 4) Југозападен | Југозападниот регион го соочинуваат следните 13 (тринаесет) Општини:<br><br>Општина Охрид, Општина Дебарца, Општина Струга, Општина Вевчани, Општина Другово, Општина Центар Жупа, Општина Кичево, Општина Осломеј, Општина Зајас, Општина Македонски Брод, Општина Вранештица, Општина Дебар и Општина Пласница. |
| 5) Пелагониски | Пелагонискиот регион го сочинуваат следните 9 (девет) Општини:<br><br>Општина Ресен, Општина Битола, Општина Новаци, Општина Могила, Општина Демир Хисар, Општина Кривогаштани, Општина Прилеп, Општина Долнени и Општина Крушево. |
| 6) Полошки | Полошкиот регион го сочинуваат следните 9 (девет) Општини:<br><br>Општина Маврово и Ростуша, Општина Гостивар, Општина Брвеница, Општина Врапчиште, Општина Желино, Општина Боговиње, Општина Тетово, Општина Теарце и Општина Јегуновце. |
| 7) Североисточен | Североисточниот регион го сочинуваат следните 6 (шест) Општини: |

| | |
|---|---|
| | Општина Липково, Општина Куманово, Општина Старо Нагоричане, Општина Ранковце, Општина Кратово и Општина Крива Паланка. |
| 8) Скопски | Скопскиот регион го сочинуваат следните 17 (седумнаесет) Општини:<br><br>Општина Аеродром, Општина Бутел, Општина Гази Баба, Општина Ѓорче Петров, Општина Карпош, Општина Кисела Вода, Општина Сарај, Општина Чаир, Општина Центар, Општина Шуто Оризари, Општина Сопиште, Општина Студеничани, Општина Зелениково, Општина Петровец, Општина Арачиново, Општина Илинден и Општина Чучер-Сандево. |

Извор: Сопствено истражување базирано на податоците добиени од Бирото за регионален развој на Република С. Македонија *http://brr.gov.mk/mk/*

Согласно чл. 10 од Законот за територијална организација на Република Македонија (Сл. Весник на РМ бр. 55/04 од 16 август 2004), во Република Македонија има вкупно 84 општини и Град Скопје, од кои 33 општини се со седиште во градовите (градски општини),[1] а 51 со седиште во селата.[2] Во 2013 година, со измените на Законот за територијална организација на РМ, општините Зајас, Другово, Вранештица и Осломеј се припоија кон градската општина Кичево и поради тоа бројот на општините со седишта во селата се намали од 51 на 47 општини.

**Индикатори на можностите за развој на туризмот по региони**

Во продолжение табеларно ги прикажуваме можностите за развој на туризмот по региони преку следните индикатори: број на соби, број на легла, број на туристи, број на ноќевања, број на винарии, број на туристички агенции и др.

**Број на соби**

Од аспект на регионална разместеност на сместувачките капацитети во Македонија забележлива е голема разлика во квантитативна и квалитативна смисла во Регионите. Регионите кои важат за развиени туристички центри, поседуваат поголем број на сместувачки капацитети (хотели, хостели, мотели, кампови и др.), кои се и со повисока

[1] Општини со седиште во град се: Општина Берово; Општина Битола; Општина Богданци; Општина Валандово; Општина Велес; Општина Виница; Општина Гевгелија; Општина Гостивар; Општина Дебар; Општина Делчево; Општина Демир Капија; Општина Демир Хисар; Општина Кавадарци; Општина Кичево; Општина Кочани; Општина Кратово; Општина Крива Паланка; Општина Куманово; Општина Крушево; Општина Македонска Каменица; Општина Македонски Брод; Општина Неготино; Општина Охрид; Општина Пехчево; Општина Прилеп; Општина Пробиштип; Општина Радовиш; Општина Ресен; Општина Свети Николе; Општина Струга; Општина Струмица; Општина Тетово; Општина Штип

[2] Општини со седиште во селата: Општина Арачиново; Општина Босилово; Општина Брвеница; Општина Василево; Општина Вевчани; Општина Вранештица; Општина Врапчиште; Општина Градско; Општина Дебарца; Општина Белчишта; Општина Дојран; Општина Долнени; Општина Другово; Општина Желино; Општина Зајас; Општина Зелениково; Општина Зрновци; Општина Илинден; Општина Јегуновце; Општина Боговиње; Општина Карбинци; Општина Конче; Општина Кривогаштани; Општина Липково; Општина Лозово; Општина Маврово и Ростуша; Општина Могила; Општина Новаци; Општина Ново Село; Општина Осломеј; Општина Петровец; Општина Пласница; Општина Ранковце; Општина Росоман; Општина Сопиште; Општина Старо Нагоричане; Општина Студеничани; Општина Теарце; Општина Центар Жупа; Општина Чашка; Општина Чешиново – Облешево; Општина Чучер Сандево;

категоризација и стандардизација. Во продолжение го прикажуваме бројот на собите по региони во периодот 2006-2018 година.

Табела 2: *Број на соби по региони 2006-2018*

| **Година/Регион** | Република Македонија | Вардарски | Источен | Југозападен | Југоисточен | Пелагониски | Полошки | Североисточен | Скопски |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2006 | 26.503 | 553 | 716 | 16.400 | 20.95 | 3.502 | 987 | 276 | 1.974 |
| 2007 | 26.246 | 553 | 670 | 16.166 | 2.062 | 3452 | 990 | 289 | 2064 |
| 2008 | 25.952 | 550 | 588 | 16.154 | 2095 | 3053 | 1.020 | 291 | 2201 |
| 2009 | 26.390 | 508 | 598 | 16.369 | 2152 | 3.102 | 1.080 | 297 | 2284 |
| 2010 | 26.189 | 554 | 533 | 16.013 | 2105 | 3390 | 1.011 | 292 | 2291 |
| 2011 | 26.448 | 589 | 544 | 16.033 | 2277 | 3330 | 1.018 | 302 | 2355 |
| 2012 | 26.877 | 689 | 599 | 16.035 | 2298 | 3497 | 1.014 | 306 | 2439 |
| 2013 | 26.887 | 690 | 620 | 16.050 | 2346 | 3322 | 1.072 | 300 | 2487 |
| 2014 | 27422 | 666 | 637 | 16.304 | 2374 | 3431 | 1.111 | 298 | 2601 |
| 2015 | 27.812 | 675 | 641 | 16.370 | 2404 | 3386 | 1.128 | 315 | 2893 |
| 2016 | 28.305 | 699 | 669 | 16.472 | 2443 | 3417 | 1.142 | 361 | 3.102 |
| 2017 | 28.759 | 697 | 718 | 16.488 | 2.450 | 3.414 | 1.142 | 388 | 3.462 |
| 2018 | 29.702 | 719 | 735 | 16.862 | 2.457 | 3.629 | 1.267 | 380 | 3.653 |

Извор: ДЗС, Регионите во РМ, 2009, 2012, 2015, 2019;

Од податоците дадени во горната табела (табела бр. 2) кои се однесуваат на бројот на сместувачки капацитети (број на соби) во периодот 2006-2018 година по Региони можеме да забележиме дека повеќе од половината од вкупниот број на соби, односно бројот на сместувачките капацитети се наоѓаат во Југозападниот Регион. Ова е разбирливо, ако се знае дека во овој дел од државата се лоцирани најубавите природно-географски убавини (Охридското Езеро, Охрид, Струга, НП "Галичица").
Исто така, и бројот на високо категоризираните сместувачки капацитети се лоцирани во Охрид, Струга, Битола, Скопје и др. градови.

## Бројот на легла како индикатор за развој на туризмот

Еден од основните показатели за развој на туризмот во одредена држава е обемот на сместувачките капацитети. Обемот на расположивите сместувачки капацитети, гледано според бројот на собите и креветите, се важна основа за пресметување на економските ефекти од туризмот, но и за проценка на идните движења во развојот на туризмот во државата. Во продолжение ја даваме Табелата за бројот на сместувачки капацитети (легла) во РМ во периодот 2006-2018 година.

Табела 3: *Број на легла по региони во периодот 2006-2018*

| Година/Регио | Република Македонија | Вардарски | Источен | Југозападен | Југоисточен | Пелагониски | Полошки | Североисточен | Скопски |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2006 | 71.021 | 1.647 | 1.973 | 42.425 | 5.937 | 10.231 | 3.069 | 734 | 5.005 |
| 2007 | 70.898 | 1647 | 1876 | 42.451 | 5910 | 3452 | 3039 | 803 | 5160 |
| 2008 | 69.097 | 1504 | 1729 | 41.703 | 5893 | 8993 | 3046 | 800 | 5429 |
| 2009 | 69561 | 1360 | 1718 | 42103 | 5750 | 8999 | 3182 | 805 | 5644 |
| 2010 | 69.102 | 1496 | 1591 | 41.458 | 5724 | 10.229 | 3057 | 633 | 4914 |
| 2011 | 69737 | 1701 | 1606 | 41.454 | 6069 | 10.165 | 3058 | 645 | 5039 |
| 2012 | 70.287 | 1819 | 1721 | 41.458 | 6088 | 10.310 | 3.059 | 653 | 5169 |
| 2013 | 70.297 | 1819 | 1826 | 41.411 | 6298 | 10.001 | 3.153 | 647 | 5.142 |
| 2014 | 71.255 | 1677 | 1869 | 42.025 | 6277 | 10.055 | 3.330 | 648 | 5344 |
| 2015 | 72.021 | 1696 | 1894 | 41.917 | 6316 | 9.993 | 3.443 | 673 | 6.089 |
| 2016 | 73.168 | 1818 | 1985 | 42.105 | 6438 | 10.078 | 3.507 | 727 | 6.510 |
| 2017 | 74.257 | 1792 | 2075 | 42220 | 6449 | 10.203 | 3.503 | 778 | 7.237 |
| 2018 | 76.558 | 1.841 | 2.090 | 43.148 | 6.436 | 10.741 | 3.806 | 763 | 7.733 |

Извор: ДЗС, Регионите во Република Македонија 2009, 2012, 2015, 2019 г.

Од податоците дадени во горната табела (табела 3) кои се однесуваат на бројот на леглата во периодот 2006-2018 година по региони, можеме да забележиме дека континуирано, бројот на леглата во Југозападниот Регион е најголем, односно повеќе од половината од вкупниот број на легла се наоѓаат во овој регион. Ова е логично и разбирливо ако се има предвид дека најголем број од сместувачките капацитети (хотели, хостели, апартмани, кампови, работнички одморалишта) во државата се лоцирани во околината на Охридското Езеро.

**Број на туристи по Региони за периодот 2003-2018**

Бројот на туристи во една држава е детерминирно од повеќе фактори, меѓутоа во голема мера зависи од преземените маркетиншки активности, особено промоција и рекламирање на дестинацијата . Значи, не е доволно дестинацијата да поседува природни и антропогени вредности, туку потребно е истите јавно да се претставät за да допрат до потенцијалните потрошувачи. Туристичката побарувачка можеме да ја дефинираме на повеќе начини. Една од нив е *“вкупен број на лица кои патуваат, или имаат желба да патуваат, а притоа користат туристички капацитети и услуги надвор од местото каде работат и живеат” (Bakic, O., 2007, str. 47).*

Иако нашето истражување не е фокусирано на влијанието на маркетингот на туристичката потрошувачка, ние се определивме за истражување на бројот на туристите по Региони, кои даваат соодветна слика за туристичката понуда на истите.

Во долната табела е прикажан бројот на доаѓања на туристите по статистички региони, во периодот 2003-2018 година. Се забележува дека во сите години апсолутна доминација има Југозападниот Регион кој во наведениот период во просек го посетувале 247 644 туристи што е (43,8%) од просекот на вкупниот број туристи во државата.

Скопскиот Регион е втор регион во Македонија по туристичка посетеност, на трето место се наоѓа Југоисточниот Регион, а четвртото место го зазема Пелагонискиот Регион. Во продолжение го прикажуваме движењето на бројот на туристи по Региони по години во периодот 2003-2018 година.

Табела 4: *Број на туристи по региони во РМ 2003-2018*

| / Регион година РеГодина /Регион | Република Македонија | Вардарски | Источен | Југозападен | Југоисточен | Пелагониски | Полошки | Северо-источен | Скопски |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2003 | 483 151 | 12 698 | 8 602 | 241 380 | 35 313 | 63 689 | 16 255 | 4 540 | 100 674 |
| 2004 | 465 015 | 8 334 | 9 865 | 222 950 | 44 094 | 56 710 | 22 679 | 3 373 | 97 010 |
| 2005 | 509 706 | 7 564 | 9 377 | 236 434 | 61 851 | 58 553 | 20 555 | 3 672 | 111 700 |
| 2006 | 499 473 | 8 173 | 12 069 | 233 218 | 58 577 | 51 970 | 21 890 | 2 433 | 111 143 |
| 2007 | 536 212 | 8 419 | 10 813 | 255 257 | 66 043 | 51 715 | 17 188 | 3 657 | 123 120 |
| 2008 | 605 320 | 7 799 | 13 739 | 276 669 | 84 031 | 63 325 | 19 153 | 3 395 | 138 209 |
| 2009 | 587 770 | 9 448 | 12 680 | 257 647 | 90 998 | 50 740 | 31 596 | 3 560 | 131 268 |
| 2010 | 586 241 | 10 572 | 13 054 | 234 665 | 84 856 | 69 712 | 31 828 | 3 098 | 138 456 |
| 2011 | 647 568 | 12 086 | 13 615 | 249 746 | 108 555 | 76 469 | 29 153 | 3 803 | 154 163 |
| 2012 | 663 633 | 15 867 | 18 865 | 251 462 | 106 978 | 72 054 | 29 884 | 4 446 | 164 077 |
| 2013 | 701 794 | 17 196 | 20 747 | 264 826 | 109 982 | 70 312 | 30 823 | 5 584 | 182 324 |
| 2014 | 735 650 | 20 667 | 23 035 | 269 547 | 124 707 | 65 527 | 29 143 | 6 937 | 196 097 |
| 2015 | 816 067 | 24 308 | 25 907 | 298 057 | 133 328 | 62 019 | 30 200 | 8 125 | 234 123 |
| 2016 | 856 843 | 26 064 | 30 568 | 322 344 | 135 092 | 58 355 | 27 318 | 9 774 | 247 338 |
| 2017 | 998 843 | 26 145 | 31 775 | 368 924 | 142 888 | 63 549 | 30 124 | 11 290 | 324 146 |
| 2018 | 1 126 935 | 26 385 | 34 354 | 419 717 | 160 173 | 70 798 | 37 091 | 10 820 | 367 597 |

Извор: Државен завод за статистика MAKStat (различни години).

## Број на ноќевања по Региони за периодот 2003-2018

Во табелата дадена подолу е прикажан бројот на ноќевање по региони во периодот 2003-2018 година. Бројот на ноќевања се важен индикатор за регионалниот развој на туризмот. Забележлив е континуиран пораст на бројот на ноќевања во сите региони. И овде се забележува дека апсолутна доминација има Југозападниот Регион кој во наведениот

период на годишно ниво континуирано ноќевале над милион туристи што е околу (50%) од вкупниот број туристи во државата. Потоа следува Скопскиот Регион, на трето место е Југоисточниот Регион, а на четврто место е Пелагонискиот Регион. Во 2018 година бројот на ноќевања на туристите во Југозападниот Регион достигнал 1 539 219 ноќевања што е скоро половина од вкупниот број туристи кои ја посетиле Македонија во анализираниот период. Во продолжение табеларно го прикажуваме движењето на податоците за бројот на ноќевања по Региони во периодот 2003-2018 година од кои може да се утврди кои региони се најпосетувани во државата.

Табела 5: *Број на ноќевања по Региони 2003-2018*

| Регион / година<br>Година/Регион | Р. Македонија | Вардарски | Источен | Југозападен | Југоисточен | Пелагониски | Полошки | Североисточен | Скопски |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2003 | 2 006 867 | 30 859 | 22 171 | 1 339 022 | 169 100 | 202 424 | 39 536 | 6 365 | 197 390 |
| 2004 | 1 865 434 | 17 772 | 26 406 | 1 170 481 | 233 738 | 176 930 | 53 450 | 5 684 | 180 973 |
| 2005 | 1 970 041 | 15 803 | 19 909 | 1 288 135 | 208 858 | 178 814 | 50 476 | 6 066 | 201 980 |
| 2006 | 1 917 395 | 16 880 | 28 989 | 1 244 487 | 218 077 | 155 461 | 53 824 | 4 003 | 195 674 |
| 2007 | 2 019 712 | 15 530 | 21 694 | 1 351 806 | 211 619 | 152 726 | 37 986 | 5 677 | 222 674 |
| 2008 | 2 235 520 | 13 861 | 28 449 | 1 452 205 | 260 351 | 171 928 | 45 345 | 5 130 | 258 251 |
| 2009 | 2 101 606 | 17 228 | 27 509 | 1 326 192 | 277 030 | 139 699 | 61 146 | 6 247 | 246 555 |
| 2010 | 2 020 217 | 20 137 | 25 687 | 1 168 824 | 262 787 | 170 354 | 61 455 | 5 628 | 305 345 |
| 2011 | 2 173 034 | 21 139 | 28 852 | 1 209 187 | 312 377 | 208 918 | 54 787 | 6 807 | 330 967 |
| 2012 | 2 151 692 | 25 989 | 37 358 | 1 198 260 | 305 163 | 174 304 | 56 055 | 7 920 | 346 643 |
| 2013 | 2 157 175 | 30 840 | 42 222 | 1 152 651 | 327 279 | 162 752 | 61 652 | 8 244 | 371 535 |
| 2014 | 2 195 883 | 39 662 | 49 221 | 1 095 452 | 401 065 | 154 595 | 54 419 | 10 671 | 390 798 |
| 2015 | 2 394 205 | 39 636 | 53 357 | 1 201 927 | 412 804 | 157 766 | 60 574 | 15 229 | 452 912 |
| 2016 | 2 461 160 | 41 643 | 66 515 | 1 228 617 | 437 607 | 141 153 | 52 590 | 13 751 | 479 284 |
| 2017 | 2 775 152 | 47 189 | 62 957 | 1 365 684 | 457 162 | 161 751 | 60 249 | 17 207 | 602 953 |
| 2018 | 3 176 808 | 48 649 | 69 419 | 1 539 219 | 571 670 | 203 620 | 71 929 | 14 185 | 658 117 |

Извор: Регионите во Р. Македонија, 2009, 2012, 2015 (Туризам стр. 46-51), 2018 и 2019, Транспорт, туризам и др. стр. 101-102;

## Број на туристички агенции по Региони

Туристичките агенции се важен чинител во туризмот и тие имаат статус на правен субјект. Туристичките агенции одиграле примарна улога во создавањето на туризмот во масовен феномен, јавувајќи се како субјект на пазарот кој ги поврзува понудата и побарувачката, обезбедувајќи услуги кoји се неопходни за патување и престој во туристичката дестинација *(Spasic, V.&Pavlovic, D. 2017, стр. 4)*.

Практиката во Република С. Македонија покажа дека туристичките агенции се важен чинител во развојот на туристичката индустрија. Од оваа дејност во нашата држава егзистираат околу 5 000 вработени.Од анализата на податоците во Регистарот на туристички агенции на Министерството за економија утврдивме дека вкупниот број на туристички агенции во Република Македонија е 678, од кои 287 поседуваат **А лиценца**, додека 391 поседуваат **Б лиценца**. Врз основа на расположливите податоци го утврдивме

и бројот на туристички агенции по региони. Така, најголем број на туристички агенции се регистрирани во Скопскиот Регион - 313, од кои 178 се со А лиценца, а 135 се со Б лиценца. На второ место според регистрираните туристички агенции се наоѓа Југозападниот Регион со 108 туристички агенции (35 со А лиценца и 73 со Б лиценца), на трето место се наоѓа Пелагонискиот Регион со 71 туристичка агенција (29 со А лиценца и 42 со Б лиценца), на четврто место е Полошкиот Регион со 70 туристички агенции (15 со А лиценца и 55 со Б лиценца) итн.

Исто така, и туристичките водичи и туристичките придружници се ресурс - чинител во развојот на туризмот. Туристичките водичи се здружени во Здружение на туристички водичи кое е формирано во 2008 година. Согласно информациите од Здружението на туристички водичи и придружници на Македонија, во земјава има доделени и регистрирани 790[1] туристички водичи од кои според информациите од самото Здружение, активно работат околу 350 водичи. Кај туристичките водичи основен проблем е тоа што во некои градови немаат туристички водичи, што претставува голем проблем за развојот на урбаниот туризам. Активните туристички водичи, речиси сите работат по договор на дело, освен мал дел од нив кои се вработени во некои од туристичките агенции. Тие се промотори на туризмот во градовите и државата пред меѓународните туристи.

Во 2017 година на светскиот ден на туризмот беше промовиран дигитален Регистар на туристички водачи и туристички придружници во РМ.

Според статистичкиот годишник 2016 на Државниот завод за статистика, бројот на вработени во Одделот туристички агенции, организатори на патувања (туроператори) и останати резервациски услуги како и дејностите поврзани со нив изнесува 1.254 и учествува со околу 0,24% во вкупниот број вработени во земјата.[2]

Во продолжение табеларно го прикажуваме бројот на туристички агенции на ниво на региони во РМ.

Табела 6: *Број на туристички агенции по региони*

| | **Вкупно** | **А лиценца** | **Б лиценца** |
|---|---|---|---|
| **Вардарски Регион** | 17 | 7 | 10 |
| **Источен Регион** | 23 | 10 | 13 |
| **Југоисточен Регион** | 31 | 12 | 19 |
| **Југозападен Регион** | 108 | 35 | 73 |
| **Пелагониски Регион** | 71 | 29 | 42 |
| **Полошки** | 70 | 15 | 55 |
| **Североисточен Регион** | 45 | 9 | 36 |
| **Скопски Регион** | 313 | 178 | 135 |
| **Република Македонија** | **678** | **287** | **391** |

Извор: Сопствено истражување базирано на податоците од Регистарот на туристички агенции на Министерството за економија.

[1] Според податоците добиени од Здружението на туристички водичи и придружници бројот на туристички водичи и придружници во 2017 година бил 790 лиценцирани водичи, но бројката не е конечна бидејќи таа постојано расте.
[2] Анализа на секторот угостителство и туризам, Проект за развивање вештини и поддршка на иновации, Скопје, 2017, стр. 5;

Од податоците кои се прикажани во горната табела можеме да забележиме дека во РМ има вкупно 678 туристички агенции, од кои 287 со А лиценца, а 391 со Б лиценца. Најголем број на туристички агенции се сконцентрирани во Скопскиот Регион со вкупно 313, (178 со А лиценца и 135 со Б лиценца). Следуваат Југозападниот Регион со вкупно 108 туристички агенции (35 со А лиценца и 73 со Б лиценца), Пелагонискиот Регион со вкупно 71 туристички агенции (29 со А лиценца и 42 со Б лиценца) итн.

**Број на винарии по Региони**

Во последните 20 години, винскиот туризам е едан од правците на развој на туризма и профитабилна стопанска гранка. Најинтензивно се развива во познатите вински региони во Европа *(Јоксимович, М, стр. 1-10).* Ваквите тенденции се присутни и во Република С. Македонија на што укажува фактот на брзиот пораст на бројот винариите во сите региони на државата, особено во винските региони (Вардарскиот регион). Развојот на винскиот туризам зависи и од туристичката политика, стратегиите и развојот програми на државата, дестинацискиот маркетинг, туристичките организации и приватниот сектор *(Metodijeski, D.& Michev, G., 2018, p. 189-190).* Така, од само неколку винарии на почетокот од 90-те години, нивниот број порасна на 81 во 2020 година. Винариите претставуваат, исто така, важен елемент и туристички потенцијал во развојот на урбаниот туризам во нашата држава. Винариите како атрактивни деловни објекти претежно се лоцирани на периферијата од градовите или неколку километри од центарот на градовите, што е убава можност за туристичките субјекти во рамките на нивните програми да предвидат и посетата на винариите. Во продолжение табеларно ја прикажуваме регионалната разместеност и број на винарии по региони:

Табела 7: *Број на винарии по региони*

| **Име на регионот** | **Број на винарии** |
|---|---|
| Вардарски Регион | 44 (Кавадарци 17, Неготино 15, Велес 6, Демир Капија 5, Градско 1) |
| Источен Регион | 5 (Штип 4, Виница 1) |
| Југоисточен Регион | 12 (Гевгелија 4, Радовиш 3, Струмица 2, Богданци 2, Валандово 1) |
| Југозападен Регион | 2 (Охрид 1, Струга 1) |
| Пелагониски Регион | 2 ( Битола 1, Прилеп 1) |
| Полошки | / |
| Североисточен Регион | 5 (Куманово 4, Кратово 1) |
| Скопски Регион | 7 |
| Република Македонија | **77** (најнов податок **81 винарија**) |

Извор: Сопствено истражување засновано на податоците од публикацијата: Macedonia taste: Wine and Food, Агенција за промоција и поддршка на туризмот и ДЗС на Р.С.Македонија, Виното низ бројки (2019).

Од податоците во табелата бр. 7 можеме да воочиме дека најголем број винарии во Република С. Македонија се лоцирани во Вардарскиот Регион - вкупно 44 винарии, што е над 50% од вкупниот број на винарии во државата. Во рамките на Вардарскиот Регион најмногу од винариите се лоцирани во градовите Кавадарци 17, Неготино 15, Велес 6, Демир Капија 5 и Градско 1 винарија. Поради тоа, во овој Регион се наоѓа познатата винска патека: ***Тиквешка винска рута***. Исто така, за развој на овој вид туризам во нашата држава публикувани се три водичи за винскиот туризам, а лоциран е Музеј на

виното во Демир Капија. Од септември 2020 година во Кавадарци е отворен е нов Музеј на виното.

Потоа следуваат Југоисточниот Регион со 12 винарии, Скопскиот Регион со седум (7), Источниот и Североисточниот Регион со 5 винарии, Југозападниот и Пелагонискиот 2 винарии, додека во Полошкиот Регион нема ниту една винарија.

Оттука, можеме да заклучиме дека најголем број на винарии се лоцирани во оние географски подрачја каде има поволни климатски услови за одгледување на винова лоза. Во 2018 година во нашата држава има околу 24 000 хектари насади на винова лоза[1] и производството на вино од 106 милиони литри (2017). Република С. Македонија има три вински региони (Централен, Западен и Источен вински регион)[2] кои се поделени на 16 виногорја, а Тиквешкото виногорје е главен производител на винско грозје и вино.
Во октомври 2019 година е формирана ***Балканска винска мрежа*** чија цел е промоција и развој на винскиот туризам на Балканот, а во септември 2020 година е отворен Музеј на виното во Кавадарци.
Патот на виното на пазарот е идентификуван како бренд кој го носи географскиот идентитет и регионалното потекло виното. Ознаката на потеклото на виното е највисока гаранција, и представува не само географско потекло, туку и традиција, квалитет и препознатливи карактеристики на туристичката дестинација. Воведување ознаки на потеклото е клучно за одредени области на виното и делува многу стимулативно за развој на туризмот *(Scherrer и сар., 2009).*

## Заклучок

Врз основа на горенаведените индикатори за можностите за развој на туризмот можеме да заклучиме:

1. Многу важен фактор за развој на урбаниот туризам имаат сместувачките капацитети. Во периодот 2006-2018 година над 50% од вкупниот број на сместувачки капацитети на РМ се лоцирани во Југозападниот регион, пред се во Охрид и Струга. Ова е разбирливо, ако се знае дека во овој дел од државата се лоцирани најубавите природно-географски убавини (Охридското Езеро, Охрид, Струга, НП "Галичица").
2. Бројот на ноќевања се важен индикатор за регионалниот развој на туризмот. Бројот на остварени ноќевања е најголем во Југозападниот регион кои се движи околу 50% од вкупниот број ноќевања во државата. Бројките укажуваат на фактот дека Југозападниот регион во РМ е туристички најразвиен и најпривлечена туристичка дестинација, бидејќи најпопуларните туристички места во кои се одржуваат најпознатите манифестации во државата (Охридско лето, Струшки вечери на поезијата, Балкански игри, концерти) се лоцирани на брегот на Охридското Езеро (Охрид, Струга). Потоа следува Скопскиот Регион, на трето место е Југоисточниот Регион, а на четврто место е Пелагонискиот Регион.

---

[1] Guide: Macedonia: Taste-wine and food, p. 36

[2] **Централен вински регион (Повардарие- Вардарска долина)** кој опфаќа 83% од вкупното производство и вклучува 7 виногорја: Скопје, Велес, Гевгелија- Валандово, Струмица, Радовиш, Овче Поле- Виница,Кочани- Виница,Тиквеш; **Западен вински регион (Пелагониско-Полошки)**: кој опфаќа 13% од вкупното производство и вклучува 6 виногорја: Прилеп, Битола, Охрид, Преспа, Кичево, Тетово и **Источен вински регион (Пчињско-Осоговски)** кој опфаќа 4% од вкупното производство и вклучува 3 виногорја: Куманово, Кратово, Пијанец

3. Согледувајќи го огромното значење на лиценцираните туристички водичи за развојот на туризмот во градовите, како и проблемот на нерамномерна распореденост на туристичките водичи по градови, препорачуваме секој град, зависно од големината на градот, да има најмалку еден или повеќе лиценцирани туристички водичи (физичко лице) кои ќе бидат оспособени туристичките групи да ги прифатат, водат и запознаваат со туристичките знаменитости во својот град. Во моментот има градови кои немаат лиценцирани туристички водичи, па нивната работа ја извршуваат квази или нелиценцирани туристички водичи, што може многу да му наштети на туризмот во соодветниот град.
4. Неодминлива чинител во развојот на туризмот се ***туристичките водичи*** и ***туристичките придружници***. Тие се организирани во Здружение на туристички водичи и придружници од 2008 година. Според информациите од Здружението, во нашата држава за период од 10 години доделени се 790 сертификати за туристички водичи и придружници, меѓутоа активно работат околу 350 туристички водичи. Тие се промотори на туризмот и државата пред меѓународните туристи.
5. Во последно време значајно место во развојот на туризмот, односно урбаниот туризам во РМ имаат и ***винариите.*** Тие се повеќе стануваат важен туристички потенцијал за развој на урбаниот туризам. Во нашата држава има регистрирано вкупно 81 винарија. Винариите претежно се лоцирани во плантажите на лозовите насади на периферијата од градовите на винските региони, односно на неколку километри од урбаните центри, што е убава можност во рамките на градскиот туризам да се посетат и винариите. Во 2018 година во РМ има околу 24.000 хектари насади на винова лоза. Најголем број на винарии во нашата држава се лоцирани во Вардарскиот регион – 44 (Кавадарци 17, Неготино 15, Велес 6, Демир Капија 5 и Градско 1), што е над 50% од вкупниот број на винарии во државата. Поради тоа, Вардарскиот регион својот развој на градскиот туризам треба да го заснова на развојот и поврзаноста со винскиот туризам. Во овој регион се наоѓа и познатат винска патека: ***Тиквешка винска рута***, се публикувани и три водичи за винскиот туризам и се лоцирани два музеи: Музеј на виното во Кавадарци и Музејот на виното во Демир Капија. Наведените факти упатуваат на заклучок дека Вардарскиот регион има одлични потенцијали за интегриран развој на винскиот и урбаниот туризам.
6. Во однос на Стратегиите за развој на туризмот во регионите во Република Македонија, можеме да заклучиме дека во ниту еден регион во РМ нема донесено Стратегија за развој на туризмот, туку развојот на туризмот е опфатен во рамките на Програмата за развој на планските региони 2015-2019 година. Исклучок е Регионот Скопје, кој има донесено посебна Стратегија за развој на туризмот. Исто така, многу мал број на општини имаат донесено Стратегија за развој на туризмот. Развојот на овој сектор е опфатен во Стратегиите за локалниот економски развој.

## Референци

1. Агенција за промоција и поддршка на туризмот (2017), *Guide: Macedonia: Taste-wine and food*:, Скопје;
2. Агенција за промоција и поддршка на туризмот на Република Македонија (2015), *Водич низ регионите во Република Македонија*, Скопје;
3. Bakic, O. (2010), Marketing u turizmu, Univerzitet “Singidunum”-Beograd, IX izdanje, str. 47;

4. Горача, В. (2005), *Неке специфицности градског туризама у Србији*, Зборник радова Департмана за географију, туризам и хотелијерство бр. 33-34/2005, стр. 191;
5. Државен завод за статистика на Република Македонија (2017) , *Виното низ бројки*, стр. 1;
6. Државен завод за статистика MAKStat (различни години);
7. Државен завод за статистика на Република Македонија (2009), *Регионите во Република Македонија*;
8. Државен завод за статистика на Република Македонија (2012), *Регионите во Република Македонија;*
9. Државен завод за статистика на Република Македонија (2015), *Регионите во Република Македонија*, Туризам, стр. 46-51)
10. Државен завод за статистика на Република С. Македонија (2019) , *Регионите во Република С. Македонија*, Транспорт, туризам и др. стр. 101-102; 2019;
11. Државен завод за статистика на Република С. Македонија, *За виното,* http://www.stat.gov.mk/InfoGraphic/2020/vino2020mk.pdf, (30.08. 2020).
12. Jovanovic, V. (2017), *Turizam i prostor,* Univerzitet “Singidunum”-Beograd, Prvo izdanje, str. 195;
13. *(PDF) Јоксимович, М. (2012), Vinski turizam u teoriji i praksi revitalizacije sela*. Available from: https://www.researchgate.net/publication/269927889_VINSKI_TURIZAM_U_TEORIJI_I_PRAKSI_REVITALIZACIJE_SELA [accessed Oct 09 2020].
14. Metodijeski, D.& Michev, G. (2018), *Comparative analysis of wine tourism in Macedonia and Bulgaria*, Knowledge-International Journal, Vol. 27, p. 189-190);
15. Metodijeski, D. и Dimitrov, N. (2017), *Tourist valorization of urban tourism: The Case of Regional Centres in Republic of Macedonia***,** p. 231-238;
16. Министерство за економија, Туристички водич, *Македонија: земја на природата, лулка на културата*, https://www.macedonia-timeless.com/eng/things_to_do/senses/taste/ , (25 Август 2020).
17. Министерство за економија (2017), *Регистар на туристички агенции*;
18. Министерство за образование и наука (2017), *Анализа на секторот угостителство и туризам,* Проект за развивање вештини и поддршка на иновации, Скопје;
19. Серафимова, М., Петреска, Б., Јаковлев, З., Котески, Ц. и Жежова, А. (2016), *Современи предизвици на претприемништвото и туризмот во Република Македонија*, УГД-Факултет за туризам и бизнис логистика, Штип, стр. 8;
20. Собрание на Република Македонија (2009), Стратегија за регионален развој на РМ 2009-2019 година;
21. Spasic, V.&Pavlovic, D. (2018), *Poslovanje turistickih agencija I organizatora putovanje*, Univerzitet “Singidunum”-Beograd, str. 4;
22. Scherrer, P., Alonso, A., Sheridan, L. (2009), *Expanding the destination image: wine tourism in the Canary Islands, International Journal of Tourism Research,* 11(5), 451-463.